**Известување за концентрација со која 4иГ СДТ ЕГИ Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг, Унгарија ќе стекне контрола над Раба Јармуипари Холдинг Нирт. Унгарија**
**(предмет бр. 08-147/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 06.10.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која, 4иГ СДТ ЕГИ Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг со регистрирано седиште на ул. Крисзтина корут бр. 39, 1013 Будимпешта, Унгарија,ќе стекне контрола над Раба Јармуипари Холдинг Нирт. (Rába Járműipari Holding Nyrt.) е акционерско друштво со регистрирано седиште на ул. Мартин бр. 1, 9027 Ѓер, Унгарија,

**Учесници во концентрацијата и нивните деловни активности:**

**4иГ СДТ ЕГИ Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг** е акционерско чија главна дејност е дејност на холдинг компании, телекомуникации и интеграција на ИТ системи, технологии за вселена и одбрана, радиодифузни и сателитски услуги.

4иГ СДТ ЕГИ Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг има едно поврзано правно лице во Северна Македонија, а тоа е Друштвото за комуникациски услуги ОНЕ МАКЕДОНИЈА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Скопје, друштво со ограничена одговорност основано согласно законите на Република Северна Македонија, со ЕМБС: 7804148 и седиште на ул. Црвена Вода број 7/3, 1000 Скопје, Северна Македонија, чија што приоритетна дејност е 61.20 – дејности на безжични телекомуникации.

**Раба Јармуипари Холдинг Нирт. (Rába Járműipari Holding Nyrt.)** е акционерско друштво со деловна активност од областа на автомобилската индустрија, со главна дејност холдинг друштво со повеќе деловни единици кои работат во областа на автомобилската индустрија односно индустрија за производство на разни возила и нивни делови. Раба Јармуипари Холдинг Нирт. нема поврзани лица во Република Северна Македонија

За целите на оценка на предметната концентрација, подносителот на известувањето предлага како релевантен пазар да се земе вкупниот пазар за производство и продажба на делови за моторни возила за целата територија на Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

08.10.2025 година
Скопје